Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

Арх.Бр. 04-6910/12

Дата: 12 12.2023 год.
Кавадарци

Република Северна Македонија Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б. 1430 Кавадарци, Република Северна Македонија Тел. 043/ 416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

Врз основа на член 48, член 52 и член 53 од Законот за административни службеници ( "Сл. весник на Р.М." бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, и 11/18 и "Сл. весник на Р.С.М." бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Правилник за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас, ("Сл. весник на РМ", бр.11/15 и 35/18 и "Сл. весник на РСМ" бр.303/20),

Секретарот на Општина Кавадарци, донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат за унапредување**

I. Во врска со интерниот оглас бр.04/2023 за унапредување на административен службеник во Општина Кавадарци, објавен на ден 21.11.2023 година на интернет страниците на Агенцијата за администрација и на Општина Кавадарци,
за работно место- со шифра УПР 01 01 В03 000 Соработник за данок на имот, во Одделение за администрирање на даноци и такси, во Сектор за финансиски прашања..............1 (еден) извршител,

СЕ ИЗБИРА кандидатот **Анѓелинка Миткова.**

II. Одлуката за избор за унапредување се објавува на интернет страницата на Општина Кавадарци.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во член 48, член 49, член 50, член 51 и член 52 од Законот за административни службеници ( "Сл. весник на Р.М." бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, и 11/18 и "Сл. весник на Р.С.М." бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), предвидена е постапка за унапредување на административни службеници врз основа на објавен интерен оглас.

Согласно Правилник за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас, ("Сл. весник на РМ", бр. 11 од 26.01.2015 година), Правилник за изменување и дополнување на правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас, ("Сл. весник на Р.М.", бр. 35 од 23.02.2018 година) и ("Сл. весник на Р.С.М.", бр. 303 од 21.12.2020 година),

Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

Арх.Бр. 04-6910/

Дата: 12.2023 год.
Кавадарци

Република Северна Македонија Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија Тел. 043/416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

Општина Кавадарци во електронска форма на интернет страницата на Општина Кавадарци и на Агенцијата за администрација на ден 21.11.2023 година објави интерен оглас број 04/2023.

Врз основа на објавениот интерен оглас бр.04/2023 за унапредување на административен службеник во Општина Кавадарци за работното место со шифра УПР 01 01 В03 000 Соработник за данок на имот, во Одделение за администрирање на даноци и такси, во Сектор за финансиски прашања..............1 (еден) извршител, со решение бр.04-6910/8 од 27.11.2023 година формирана е Комисија за селекција за унапредување на административен службеник во Општина Кавадарци.

Комисијата за селекција за унапредување, согласно записникот бр.04-6910/9 од 07.12.2023 година за административна селекција на кандидати и записникот бр.04-6910/10 од 07.12.2023 година за спроведување на интервју, изготви финална ранг листа и до Секретарот на Општина Кавадарци достави предлог одлука од интервјуирани кандидати за работното место Соработник за данок на имот, во Одделение за администрирање на даноци и такси, во Сектор за финансиски прашања, во Општина Кавадарци.

Согласно член 52, став (1) од Законот за административни службеници ( "Сл. весник на Р.М." бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, и 11/18 и "Сл. весник на Р.С.М." бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), по добивањето на предлогот за прворангираниот кандидат одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против одлуката за избор, незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

Изработил:Флорина Делова
Контролирал: Надица Алексова
Одобрил:Јасминка Ѓорѓиева Тодоров

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Секретар**
**Тодор Ефремов**

Доставено до:
Именуваниот;
Одделение за управување со човечки ресурси;
Архива на Општина Кавадарци.